# ПРОДОЛЖУВА ИСПЛАТАТА НА СРЕДСТВА ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој продолжува со исплата на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013.



По успешната реализација на инвестицијата за набавка на опрема за подобрување и модернизација на производствените технологии во капацитетите за преработка на овошје и зеленчук, средства од ЕУ фондовите наменети за рурален развој се исплатени на корисникот ВИПРО ДООЕЛ Гевгелија.

На корисникот му се исплатени вкупно 779.812,50 денари, од кои 584.859,50 денари се средства од буџетот на ЕУ, а 194.953,00 денари се средства од буџетот на РМ.